Легенда:

ЗНАК	ЗНАЧЕЊЕ
*	целосно усвоени наставните содржини, поими,
+	делумно усвоени наставни содржини, поими;
-	потребна е дополнителна помош за усвојување на наставните содржини, поими

Подрачје: ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ																											
Издвојува и посочува клучни зборови и фрази поврзани со главната идеја во литературни и нелитературни текстови (известувања, упатства, покани, најави, реклами, аудио- и видеосодржини на различни теми).																											
Препознава, разликува и посочува важни и неважни факти и податоци и описи на лица, предмети и појави од слушнати текстови.																											
Репродуцира кус текст од аудио- и видеозаписи со разни содржини и со свои зборови пренесува делови од содржината или целосната содржина, усно и писмено.																											
Согледува и кажува кои се структурните (вовед, главен дел и заклучок) или хронолошките (почеток, развој и крај) елементи на слушнат текст и набројува клучни моменти според редоследот на содржината.																											
Составува устен и пишан текст според слушнати содржини во кои употребува соодветни јазични форми.																											
Разговара во група и води дијалог по слушната и по прочитана тема.																											
Се вклучува во разговор по слушната и по прочитана тема																											
Поттикнува разговор по слушната и по прочитана тема.																											
Составува дијалог во пишана форма според слушнат или прочитан дијалог.																											
Посочува општоприфатени правила и соодветни јазични фрази (со својствената интонација) на културната комуникација и ги применува во различни ситуации од секојдневниот живот – во симулираните разговори успешно презема различни улоги																											
Раскажува за различни сопствени доживувања и искуства.																											
Усно и писмено раскажува на зададена тема или на тема по избор (од научнопопуларни и новинарски текстови или во врска со содржини кои се изучуваат по другите предмети), користејќи соодветен вокабулар и граматички правила.																											

Чита наглас, течно и јасно во согласност со читачката и јазичната возраст																												
Чита наглас изразно (усогласено со видот и природата на текстот – песна, краток расказ, басна, драмски творби, новинарски текст и научно-популарни текстови).																												
Чита наглас изразно во однос на реченичната интонација, т.е. ги препознава интерпункциските знаци и знае како се толкуваат „звуковно“																												
Чита во себе по насочени барања (на пример, издвојува информации од текстот).																												
Опишува со зборови податоци кои се претставени во графикони, табели, дијаграми, во научно-популарни текстови и новинарска информација.																												
Го поврзува значењето на прочитаните содржини со реалните ситуации																												
Користи цитати и аргументи од прочитан текст за да образложи одреден став.																												
Применува нови зборови во соодветен контекст.																												
Групира зборови според употребата и значењето																												
Користи дигитален речник за пронаоѓање на значењето на непознати зборови и зборови со исто и спротивно значење.																												
Препознава дијалектен говор од слушнат текст																												
Посочува често употребувани дијалектни зборови и изрази и ги споредува со нивната стандардна форма и со формата во други дијалекти																												
Наведува најмалку три поговорки/пословици на македонски народен јазик																												
Препознава и посочува едносложни, двосложни и трисложни зборови																												

Ги дели зборовите на слогови																												
Наведува примери во кои р е носител на слогот во почесто употребувани еднасложни, двосложни и трисложни зборови (црв, крв, срна, прво, стрмно, првиот).																												
Препознава и кажува од кој граматички род се именките посочени во примери.																												
Посочува примери за именки во трите рода и во формите за еднина и за множина (без дефинирање).																												
Наведува предмети, суштества, појави во соодветен род и број.																												
Наведува зборови кои не образуваат множина – сопствени именки																												
Користи описни придавки во соодветен род и број (без дефинирање).																												
Составува изрази/синтагми од именки и придавки во соодветен род и број и во состави од една придавка и именка и две придавки и именка.																												
Употребува лични заменки и форми од лични заменки во усно и писмено изразување.																												
Користи второ лице множина од личната заменка и од нејзините форми при учтиво усно или писмено обраќање.																												
Препознава и посочува граматичко лице во дијалог и во разговор.																												
Користи глаголски форми за изразување дејства во сегашно, минато и идно време																												
Користи именки, придавки, лични заменки и глаголи во усното и писменото изразување, поврзани логично и според граматички правила во даден реченичен контекст.																												
Препознава разни видови реченична интонација во усни примери и изговара реченици со соодветна реченична интонација од примери кои ги чита и сам/сама ги составува.																												

Составува разни видови реченици според потребите за изразување																												
Составува реченици со две реченични функции/два реченични члена – вршител на дејство и дејство.																												
Составува реченици и соодветно ги користи интерпункциските знаци во пишувањето (при набројување и наведување наслови, во различни видови реченици).																												
Препознава дека точката се употребува и како правописен знак (на пример, кај скратувањето на зборовите и кај пишувањето на редните броеви: и др., на пр., ул., 4. одделение, 1. л.).																												
Пишува зборови и реченици, почитувајќи ги правилата за почетна голема буква (голема буква кај сопствените имиња и географските поими, книги и списанија, адреси и институции).																												

Подрачје: ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕЊЕ

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ																												
Идентификува на кој литературен вид му припаѓа еден текст (басна, бајка, приказна, расказ, драмска и поетска творба)																												
Пронаоѓа и објаснува сличности и разлики во литературни текстови (преку настани и ликови).																												
Прераскажува (усно и писмено) литературен текст во целост или по делови																												
Одговара на прашања и поставува прашања за содржината на прочитан литературен текст.																												
Ги одредува темата, ликовите, местото, времето и хронолошкиот ред на настаните во прочитан литературен текст.																												
Препознава реалистични и фантастични елементи (настани и ликови) во прочитан текст.																												
Одредува стих, строфа, рима во поетска творба/стихотворба.																												
Репродуцира творби од усното народно творештво и го наведува нивното значење.																												
Пронаоѓа цитат во даден текст по конкретно барање/прашање (изглед на лик, постапка, опис, настан).																												
Наведува цитати од текст за да илустрира лик, постапка, доживување и настан прикажани во текстот.																												
Опишува (усно и писмено) личности, пејзажи и појави по набљудување и по доживување.																												
Раскажува (усно и писмено) замислени или доживеани настани.																												
Раскажува со промена на граматичкото лице																												
Раскажува со измена на крајот на прочитана содржина.																												
Пишува текстови со едноставна композициска структура по зададена и слободна тема.																												

Подрачје: МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ																													
Пронаоѓа информации од различни медиуми за сопствени потреби/интереси.																													
Издвојува информации (според дадени барања) прикажани во различни медиуми (телевизија, интернет, списание и сл.																													
Користи информации од различни медиуми за да создаде сопствени текстови на дадена тема.																													
Ја објаснува содржината и идејата на културен настан на кој присуствувал																													
Искажува свое мислење за културен настан на кој присуствувал и дава образложение зошто така мисли																													
Креира покана/рекламен постер за културен настан во училиштето или во заедницата.																													